# РЕГИОНАЛЕН БИЛТЕН

АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТАТА НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ:
КРАТОВО, КРИВА ПАЛАНКА, РАНКОВЦЕ И СТАРО НАГОРИЧАНЕ
Месец октомври 2020



Здружение “Регионален центар за одржлив развој“ Кратово
Проект: “Ефективна локална самоуправа – интерес на граѓаните“ поддржан од програмата на Цивика мобилитас

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Здружението “Регионален центар за одржлив развој“ – Кратово, во рамките на  програмата на Цивика мобилитас за мали акциски грантови започна со имплементирање на проектот “Ефикасна локална самоуправа - интерес на граѓаните“ во време траење од 6 (шест) месеци завршно со 05.02.2021 година со вкупен буџет од 330.000 денари.

Соработници во проектот: Локални самоуправи и Совети на општините: Кратово, Крива Паланка, Ранковце, Старо Нагоричане; ЛАГ “Осоговски Лисец“ - Ранковце, ГО “Козјачија во срцето“ – Старо Нагоричане и ГО “Спектар“ од Крива Паланка.

Општа цел на проектот: Учество на граѓанските организации во креирање и донесување одлуки кон подобрени политики и практики на локално ниво.

Специфична цел: Зајакнување на степенот на соработката помеѓу ГО и ЕЛС преку транспарентно, отчетно и одговорно работење на Советите и општините Кратово, Крива Паланка, Ранковце и Старо Нагоричане.



CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Проектни активности:

Спроведување на анкета за степенот на информирање на граѓаните за работата на Советите на општините;

Сумирање на резултати од анкета, подготовка на анализа, предлози и препораки до Советите на општините;

Мониторинг на работата на општинските Совети и покренати граѓански иницијативи;

Организирање на јавна дебата „Колку мојот советник ги застапува моите права";

Организирање на работилница „Советникот како лидер, комуникатор, финансиер и имплементатор на политики";

Потпишување и дистрибуција на Етички кодекс за локални функционери;

Тековно информирање на јавноста за работата на општинските Совети, начинот на носење на одлуки и вклучување на јавноста во овој процес;

Отварање на Веб страна на здружението РЦОР Кратово;

Печатење на "Регионален билтен";

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

# И З В Е Ш Т А Ј

## ОД ОДРЖАНА ЈАВНА ДЕБАТА НА ТЕМА
## “КОЛКУ МОЈОТ СОВЕТНИК ГИ ЗАСТАПУВА МОИТЕ ПРАВА“



Во подготвителниот период се изработи програма за потребите на дебатата како и презентација за настанот.

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Во делот за презентацијата, беше подготвена компаративна анализа на спроведениот прашалник, кој имаше за цел да го претстави степенот на информираност на граѓаните во врска со функционирањето на Советите и нивните граѓански права во општините Кратово, Крива Паланка, Ранковце и Старо Нагоричане.

Прашалникот содржеше 18 прашања, а анализата беше направена врз основа на податоците кои ги доставија соработниците на проектот од општините Кратово, Крива Паланка, Старо Нагоричане и Ранковце.

Во текот на презентирањето на компаративните податоци од анализата и извештајот, аудиториумот покажа активен интерес со коментари, лични видувања на соодветните прашања, а воедно и презентирање на искуства со граѓани (претседател на Совет на општина Кратово).

Детектирањето на познавањето на законските регулативи кои го опфаќаат граѓанското учество во руралните општини на Североисточниот регион и ставовите за области од интерес кои можат да се пласираат пред седниците на советите со директно учество на граѓаните, или преку НВО претставник, е важен чекор во локалната демократија и намалување на корупцијата.



CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Ваквиот интерперсонален, а воедно и групен пристап при разработка на темата за практична примена и граѓанско учество во локалната демократија, овозможува поширок спектар на согледувања, кога станува збор за потенцијалите што може да ги понуди законската рамка и организираниот граѓански ангажман.

Една од целите на дебатата беше, преку интерактивно учество, да се согледаат познавањата, односно ставот на самите жители, односно граѓани, стопанственици и претставници на институциите на системот и граѓанското општество, во однос на степенот на познавање на правата на граѓаните за учество на седниците на советот на општините на кои и припаѓаат, но воедно и да се понуди можност за регионална комуникација на зададената тема.

Мислењата беа различни, а воедно и дадените пристапи и сугестии.

Може да се заклучи дека разноликоста на согледувањата допринесе до богат спектар на информации кои треба да бидат застапени на седниците на советите на општините и месните заедници.



CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Од искажаните мислења и предлози на дебатата, се издвоија следниве:

1. Присутните се запознаа со можноста дека и група советници имаат законско право да поднесат Барање каде ќе предложат точка на дневен ред на седница на Совет, а не само од граѓани.

2. Средствата определени за Советот на општина Кратово не се искористуваат според буџетските ставки за кои се наменети (патни трошоци, репрезентација и сл.) скоро воопшто и најчесто се искористуваат за други цели (се пренаменуваат за цели на општинскиот буџет).

3. Најголем број од барањата на граѓаните до Советите се финансиска помош, за лекување, за награди за пензионери кои постигнале одредени успеси во областа на спорт и култура. Обично се бараат и разгледуваат по десетина месечно. Лимитот на средствата за едно барање е 15.000,00 денари, но во некои ситуации таа сума е многу ниска.

Реализацијата на јавната дебата се одвиваше според предвидената агенда, а добиените резултати од прашалниците ги оправдаа првично зададените цели.

При презентацијата, уште еднаш се потврдија придобивките од добиените податоци кои беа искористени во подготовката на работилницата на тема „Советникот како лидер, комуникатор, финансиер и имплементатор на политики“, како и за понатамошна реализација на проектните активности (подготовка на билтен, етички кодекс, инфо денови со граѓани и НВО и др.) од една страна, и како информации кои ќе може да се употребуваат како база во идни проектни апликации и компаративни анализи, од друга страна.

Регионален центар
за одржлив развој
Кратово

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Совет на општина Кратово

Претседател на Советот е: 1. Слободан Постолов – СДСМ; 2. Влатко Постолов – СДСМ; 3. Златко Стојановски – СПМ; 4. Ранко Арсов – СДСМ; 5. Тодорче Кировски – СДСМ; 6. Наташа Митевска – ЛДП; 7. Сања Милевска – СДСМ; 8. Драган Зафировски – ВМРО-ДПМНЕ; 9. Горан Ристовски – ВМРО-ДПМНЕ; 10. Томче Димитровски – СДСМ; 11. Свете Стојмановски – СДСМ; 12. Габриела Илиевска – СДСМ; 13. Даниела Николовска – СПМ; 14. Владо Захариевски – СПМ; 15. Сашка Милошева – СПМ;

Совет на општина Крива Паланка

Претседател на Советот е: 1. Изабела Павловска – СДСМ; 2. Славчо Тодоровски – СДСМ; 3. Сретимир Николовски – ДОМ; 4. Влатко Ристовски – НСДП; 5. Тања Дејановска Митровска – СДСМ; 6. Анета Димитровски – СДСМ; 7. Љупчо Јосимовски – СДСМ; 8. Катерина Митовска Наковска - СДСМ 9. Драган Димитриевски – СДСМ; 10. Емилија Младеновска – СДСМ; 11. Велинче Ангеловски – СДСМ; 12. Даниела Стојановска – СДСМ; 13. Игор Тодоровски – ВМРО-ДПМНЕ; 14. Александар Рангелов – ВМРО-ДПМНЕ; 15. Елена Митевска Давидовска – ВМРО-ДПМНЕ; 16. Роберт Јакимовски ВМРО-ДПМНЕ; 17. Бојан Мицевски – ВМРО-ДПМНЕ; 18. Марија Трајковска Стефановска – ВМРО-ДПМНЕ; 19. Тони Јакимовски – ГРОМ;

Совет на општина Ранковце

Претседател на Советот е: 1. Горан Младеновски – СДСМ; 2. Жаклина Стефановска – СДСМ; 3. Игорче Лазаревски – СДСМ; 4. Сузана Спасовска – ВМРО-ДПМНЕ; 5. Моме Спасовски – ВМРО-ДПМНЕ; 6. Александар Бошковски – ВМРО-ДПМНЕ; 7. Димитар Цветковски; 8. Маре Тодоровска; 9. Наташа Јовановска – независни кандидати.

Совет на општина Старо Нагоричане

Претседател на Советот е: 1. Јовица Јанчиќ – СДСМ; 2. Бобан Цветановски – СДСМ; 3. Ивица Петрушевиќ – СДСМ; 4. Тања Јовановска – СДСМ; 5. Игор Душановски – ВМРО-ДПМНЕ; 6. Драган Спасиќ –ВМРО-ДПМНЕ; 7. Тони Митровски – НДМ; 8. Ивана Тодевска – група избирачи 9. Саша Алексиќ – група избирачи.

“Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на здружението “Регионален центар за одржлив развој“ Кратово и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат“

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!